Në bazë të nenit 41-a, paragrafi (1) të Ligjit të Mbrojtes ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë" numër 42/2001, 5/2003, 58/2006, 110/2008, 51/11, 151/11 dhe 215/15 dhe "Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut" numër 42/20), Kuvendi i Republikës së Maqedonisë së Veriut, në seancën e mbajtur më 16 nëntor 2022, miratoi:

**V E N D I M**
**PËR DËRGIMIN E PJESËTARËVE TË ARMATËS SË REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT PËR PJESËMARRJE NË OPERACIONIN NDËRKOMBËTAR TË ORGANIZATËS SË KOMBEVE TË BASHKUARA "UNIFIL", NË REPUBLIKËN E LIBANIT**

1. Për pjesëmarrje në operacionin ndërkombëtar të Organizatës së Kombeve të Bashkuara "UNIFIL", në Republikën e Libanit (në tekstin e mëtejmë: operacioni ndërkombëtar), dërgohen dy pjesëtarë të Armatës së Republikës së Maqedonisë së Veriut (në tekstin e mëtejmë: Armata), për periudhën prej gjashtë muajsh, duke llogaritur nga janari deri në korrik 2023.

2. Shpenzimet financiare për transport, rrogat dhe kompensimet e rrogave dhe shpenzimet logjistike të pjesëtarëve të armatës për pjesëmarrje në operacionin ndërkombëtar, i siguron Ministria e Mbrojtjes.

3. Përgatitjet dhe organizimin e pjesëtarëve të armatës për pjesëmarrje në operacionin ndërkombëtar, i kryen Ministria e Mbrojtjes.

4. Ky vendim hyn në fuqi ditën e ardhshme nga dita e botimit në Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë së Veriut.

KUVENDI I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT

| | |
|---|---|
| Nr. 08 – 4764/1 | Kryetari i Kuvendit të |
| 16 nëntor 2022 | Republikës së Maqedonisë së Veriut |
| Shkup | m-r **Talat Xhaferi**, d.v. |

## ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**3635.**

Врз основа на член 4-а став (11) и член 12 став (2) точка 29) од Законот за технолошки индустриски развојни зони („Службен весник на Република Македонија" бр.14/07, 103/08, 130/08, 139/09, 156/10, 127/12, 41/14, 160/14, 72/15, 129/15, 173/15, 192/15, 217/15, 30/16 и 83/18), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 15 ноември 2022 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ДОГОВОРОТ ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ДРЖАВНА ПОМОШ НА ДРУШТВОТО ЗА ПРОИЗВОДСТВО НА ВНАТРЕШНИ КОМПОНЕНТИ КИЕЛ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ ЖЕЛИНО - КОРИСНИК НА ТЕХНОЛОШКА ИНДУСТРИСКА РАЗВОЈНА ЗОНА ТЕТОВО**

Член 1

Со оваа одлука се дава согласност на Договорот за доделување на државна помош на Друштвото за производство на внатрешни компоненти Киел Македонија ДООЕЛ Желино – корисник на Технолошка индустриска развојна зона Тетово.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

| | |
|---|---|
| Бр. 41-9669/4 | Претседател на Владата |
| 15 ноември 2022 година | на Република Северна Македонија, |
| Скопје | д-р **Димитар Ковачевски**, с.р. |

**3636.**

Врз основа на член 36 став (3) од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр.59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14, 196/15, 142/16, 140/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.98/19) а во врска со член 7 став (1) точка 4) од Уредбата за критериумите и условите за прогласување на кризна состојба во случаи на временски и природни непогоди, хаварии и нарушувања на пазари на електрична енергија, начинот на снабдување со електрична енергија во кризна состојба, мерките што се преземаат во случај на кризна состојба, како и правата и обврските на носителите на лиценци за вршење на електроенергетски дејности („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.246/21, 300/21, 74/22, 211/22 и 218/22), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 15 ноември 2022 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ПРЕЗЕМАЊЕ НА МЕРКА ВО УСЛОВИ НА ПОСТОЕЊЕ НА КРИЗНА СОСТОЈБА ВО СНАБДУВАЊЕТО СО ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА**

Член 1

Во Одлуката за преземање на мерка во услови на постоење на кризна состојба во снабдувањето со електрична енергија бр. 41-9766/3 од 30 октомври 2022 година („Службен весник на Република Северна Македонија'' бр. 232/22) во член 1 во ставот 1 по алинејата 1 се додаваат четири нови алинеи 2, 3, 4 и 5 кои гласат:

„ - 01.41 – одгледување на молзни крави
- 01.42 – одгледување на други говеда и биволи
- 01.45 – одгледување на овци и кози
- 01.46 –одгледување на свињи".

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

| | |
|---|---|
| Бр. 41-9766/7 | Претседател на Владата |
| 15 ноември 2022 година | на Република Северна Македонија, |
| Скопје | д-р **Димитар Ковачевски**, с.р. |

## УСТАВЕН СУД НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**3637.**

Уставниот суд на Република Северна Македонија, врз основа на член 110 алинеја 3 од Уставот на Република Северна Македонија и член 70 од Деловникот на Уставниот суд на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија" број 70/1992 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 202/2019, 256/2020 и 65/2021), на седницата одржана на 19 октомври 2022 година, донесе